МАКЕДОНСКО СОНЦЕ

## ЕКСКЛУЗИВЕН ФЕЉТОН



# ОД АНТИЧКА ДО СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ИСТОРИЈА

**Подготвила: Жаклина Митевска во соработка со проф. д-р Ванче Стојчев**

# ШЕСТТЕ СЕДМИЦИ НА КАРПОШОВАТА СЛОБОДНА ТЕРИТОРИЈА

Во борбата на македонскиот народ против османлиското владеење особено е значајно Карпошовото востание. Тоа било кренато во 1689 година и претставува прв обид од навлегувањето на Османлиите во Македонија да се создаде слободна територија со претпоставка да се формира самостојна македонска држава. Востанието се јавува како последица на сè потешкиот економски останок и сè почестото исламизирање на македонскиот народ. Поради таквата состојба била предизвикана и Мариовската буна, која не била непосредно поврзана со Карпошовото востание, но која ја навестила предвостаничката состојба во Македонија. Тоа било кренато во услови на Австро-турската војна, која имала меѓународен карактер, бидејќи бил создаден сојузот Света лига за одбрана на пошироките заеднички интереси. Почетокот на Карпошовото востание сè уште не е дефинитивно познат. Турскиот хроничар и современик Силахдар и некои австриски документи даваат најверојатни сознанија за почетокот, за текот и за задушувањето на востанието. По поразот кај Ниш османлиската војска се повлекувала кон исток, а дел од војската на југ. Првиот вооружен судир меѓу австриската и османлиската војска на територијата на Македонија се водел северно од Крива Паланка на 20 октомври 1689 година. Австријците наишле на силен отпор и се повлекле кон Врање, каде што се стационирале. Османлиската војска верувала дека ќе следува нов засилен напад па се повлекла кон Штип. Крива Паланка ја презеле ајдутите. Во некои извори тој настан се означува како почеток на востанието. Меѓутоа, во тоа време Карпош, како мартолог, се наоѓал во Скопје каде што бил и Иво Штипјанецот. Тие како мартолози, и поранешни истакнати ајдути, односно искусни борци, биле ангажирани да ја бранат Империјата од австриското навлегување. Скопје и околијата му припаѓале на Ќустендилскиот санџак. По наредба на султанот сите мартолози биле обврзани да ги бранат најзагрозените градови. Затоа Карпош и Иво, чија мартолошка служба траела околу еден месец, биле испратени во Скопје и му биле потчинети на Серхадлија Махмуд-паша, одговорен за одбраната на градот и на околијата.

Меѓутоа, повлекувањето на османлиската војска од Крива Паланка и особено приближувањето на австриската војска кон Приштина и кон Качаник го поттикнале Карпош да застане на чело на побунетите христијани во Скопје и во околината. На 23 октомври 1689 година претходницата на Пиколомини влегла во напуштената тврдина Качаник. Еден османлиски одред од околу 300 лица по наредба на Махмуд-паша, бил испратен од Скопје како засилување на одбраната на тврдината. Единиците на Пиколомини го пресретнале во Качаничката клисура и го разбиле. Со австриската војска во бројна состојба од 240 коњаници командувал полковникот Штрасер. На 25 октомври 1689 година австриската војска, предводена од генерал Енеј Силвиј Пиколомини, се појавила на излезот од Качаничката клисура. Тука на австриската војска ѝ се придружиле бројни побунети христијани, меѓу кои и Карпош. Според бројни извори, овој ден се смета за почеток на Карпошовото востание, бидејќи истиот ден Карпош на чело на побунетите христијани, односно со своите востаници, поддржуван од австриската војска влегол во Скопје, откако пред тоа се одиграла битката кај реката Лепенец во непосредна близина на Скопје. Австријците убиле околу 100 османлиски војници, а околу 200 биле заробени заедно со комората. Пашата со 200 војници побегнал и се скрил во шумата, а ноќта се вратил во градот, каде што со 8.000 војници ги чекал Австријците во Скопје. Кога Пиколомини видел дека пашата го чека, ѝ наредил на артилеријата да го поздрават со 10 топови. Селаните, и покрај големата радост на Пиколомини, јавувале дека народот бегал од Скопје. Потоа Пиколомини го испратил полковникот Чаки да извиди дали градот е напуштен. Тој јавил дека во Скопје нема луѓе, а дуќаните биле полни со храна и разна стока. Необрнувајќи внимание на вестите дека во градот владее чума, Пиколомини влегол и наредил трупите да се снабдат со храна. На 31 октомври 1689 година Пиколомини го испратил своето второ писмо од Скопје до царот Леополд, во кое, меѓу другото, пишувало: "Му предложив на пол-

**Границата на слободната територија која ја создале Карпошовите востаници се протегала меѓу Грделичката клисура и Штип и меѓу Качаничката клисура, Велес и Тиквеш, на исток до пред Ќустендил, каде што востаниците се подготвувале да го нападнат, и на запад вклучувајќи ги Скопје, Тетово и Гостивар. Тоа била прва македонска слободна територија од доаѓањето на Турците. Било успеано слободната територија да се зачува шест седмици.**

ковникот Штрасер да ја преземе командата. Овој искусен воин бараше 15 дена рок со помош на своите трупи и најмените жители да го подготви градот за одбрана и да го снабди со потребната храна. Јас увидов дека неговиот услов е оправдан и не можев да решам да останам тука со целиот корпус, бидејќи непријателската војска можеше за четири до пет дена да се појави пред Скопје, а ние зад грбот ја имавме клисурата, која во ова време на годината, поради честите дождови кои можат да наидат секој ден, може да се затвори и со голема мака да се помине. Косово Поле не беше запоседнато, Ниш ни беше далеку, а Босна ни остана зад грбот. Ваквата положба ме тераше зрело да размислам и додека така бев нерешителен, добив извештај дека маркгрофот Лудвиг Баденски се повлекува. Тогаш незадоволно решив градот да го претворам во пепел".

Во бројни извори се наведува дека Карпошовите востаници учествувале во нападите на тврдината во Качаник. Пред навлегувањето на австриската војска во Скопје, според турски извори, Карпош веќе се утврдил во Качаник, во Куманово и во Егри Дере (Крива Паланка). Во некои извори се спомнува дека Карпош бил во Скопје кога навлегле Австријците и дека народот нему му изразувал благодарност за доаѓањето на австриската војска. Од сѐ ова, со сигурност може да се тврди само дека Австријците навлегле во Скопје, зеле што им требало и го запалиле градот. Потоа, Пиколомини се повлекол кон Качаник. Неговиот повик за повлекување на населението го




прифатиле само 20 католички семејства и два свештеника. Кога ја поминале клисурата, на неколку места ја разурнале, со што го отежнале минувањето низ неа. По пристигнувањето во Качаник, Пиколомини го поставил генералот Холштајн за командант на тврдината, а полковникот Штрасер го упатил кон Босна за да ги ослободи останатите тврдини. Откако ги средил работите, на 1 ноември Пиколомини тргнал кон Призрен, за таму да го прошири востанието. Меѓутоа, додека бил во Скопје се заразил од чума. Болен и изнемоштен на 6 ноември пристигнал во Призрен, каде му дошле околу 5.000 вооружени востаници Срби, Албанци и Црногорци со своите првенци, меѓу кои и Арсение III Чарноевиќ. На 8 ноември Пиколомини ја предал командата на Херцогот Холштајн, а потоа ја примил причеста од скопскиот надбискуп Петар Богдани. На 9 ноември Пиколомини умрел и бил погребан во најголемата црква во Призрен. Карпош, откако го зел бајракот од Ќесариевците (Австријците), го предводел нападот на Скопје, во кој учествувале и Австријци и Унгарци, како и востаници на Иво Штипјанецот, кој го погазил исламот, се одметнал со околу 1.000 луѓе и тргнал по Карпошовиот пат. Всушност, Карпош ја формирал и ја предводел македонската востаничка војска. Територијата која ја ослободиле Карпошовите востаници и на која воспоставиле своја власт зафаќала најголем дел од Македонија и делови од Србија и од Бугарија. По запалувањето на Скопје, турската војска се повлекла кон Велес, потоа кон Штип, а австриската во Качаник. Од Скопје Карпош заминал за Куманово и Крива Паланка. Прва ослободена територија од востаниците била Крива Паланка, при што се водела жестока битка меѓу востаниците и Турците. Околу 27 октомври било заземено Куманово, а по неколку дена востаниците влегле и во Кратово. Во Кратово на востаниците им се придружиле месното население и рударите, меѓу кои имало и германски Саси, па се развиле големи улични борби. На крај османлиската посада се затворила во прочуената Голема бања и во Хаџи-костовата кула. Тогаш востаниците го урнале покривот на бањата и ги убиле сите кои се нашле таму, додека со чад и со оган ги уништиле оние кои биле скриени во кулата. Според некои извори, Карпошовите востаници навлегле уште понајуг, односно биле заземени Злетово и Кочани, а меѓу учесниците во востанието се наведува и Радовишкиот кадилак. Според познатите извори, границата на слободната територија која ја создале Карпошовите востаници се протегала меѓу Грделичката клисура и Штип и меѓу Качаничката клисура, Велес и Тиквеш, на исток до пред Ќустендил каде што востаниците се подготвувале да го нападнат, и на запад вклучувајќи ги Скопје, Тетово и Гостивар. Тоа била прва македонска слободна територија од доаѓањето на Турците. Слободната територија успеала да се зачува шест седмици.

Паралелно со создавањето на македонската востаничка војска на слободната територија забележани се елементи на воспоставување на востаничката власт. Царот Леополд го прогласил Карпош за "кнез од Куманово". Месното население, особено востаниците, го сметале за свој крал и за свој врховен командант. Од австриската команда во Ниш, Карпош ја добил титулата "кумановски крал", а како надворешен знак за ова признание добил калпак, односно кнежевска шапка, што имало значење на круна. Тоа значи дека територијата ослободена од востаниците имала статус на кнежевство. Најверојатно, востаничката власт била организирана на принципот на капетании, во кои капетаните биле команданти на утврдените центри т.е. христијанска варијанта на диздари. Веднаш по ослободувањето на територијата и по воспоставувањето на востаничката власт, Карпош, како крал од Куманово, го почнал уредувањето на градовите за одбрана од Турците. Особено се утврдувала клисурата на Крива Река кај Крива Паланка, во која востаниците направиле бројни ровови и поставиле трупци, со цел да го запрат навлегувањето на османлиско-татарската војска. Исто така, бил утврден и градот Куманово, околу кој биле ископани ровови, како и околу еден манастир во негова близина. Во текот на ноември 1689 година австриската војска навлегла

во Штип, Велес, Кавадарци и преку Тетово до Маврово. Според руски извори, Карпошовите востаници го зазеле и Кочани. По смртта на генералот Пиколомини австриската војска и натаму ги држела Грделичката, Качаничката, Знеполската и Драгоманската клисура. Привремено ги запреле борбените дејства. За тоа време султанот издал наредба за општа мобилизација, односно за мобилизација на сите способни за војна. Во цела Румелија се мобилизирале јаничарите, топџиите, шаинџиите, спахиите, јуруците и сите воени и полувоени формации. Пред својата војска султанот поставил две задачи: да се спречи натамошното навлегување на австриската војска и да се ликвидираат многубројните формации на востаничкото движење во заднината на османлиската војска и на австро-турскиот фронт. Предност добила втората задача. Бил сменет големиот везир Бекри Мустафа-паша, а за нов велик везир бил поставен Фазли Мустафа Ќупрулу, кој имал 52 години и бил познат како човек што ги почитува исламските закони и со толерантен однос кон христијаните. За сераскер на целиот фронт бил поставен Коџа Мехмуд-паша од Штип, познат како Џелат Мехмуд. По доаѓањето на власт големиот везир Ќупрулу извршил реформа со која ги ослободил христијаните од повеќе даноци, со цел да не се јавуваат во австриската војска. На 15 ноември 1689 година биле испратени фермани до кадиите на Скопје и на другите градови во Македонија, во кои се соопштувале новите одлуки и се простувале заостанатите даноци. Потоа ја извршил реформата на армијата и ја реафирмирал политиката на преземање на териториите окупирани од Австријците. На советувањето на Диванот во Софија бил направен план за контраофанзива. На тоа советување преовладувало мислењето на кримскиот хан и бил направен следниот план: од Софија да не се оди кон Ниш во пресрет на Австријците, туку веднаш да се тргне во задушување на Карпошовото востание. За таа цел се одлучило да се ангажираат: кримските Татари, албанските наемници и расположливата османлиска војска. Силите требало да тргнат од Софија кон Ќустендил и преку Крива Паланка и Куманово да навлезат во Скопје, а потоа со заеднички сили да продолжат кон Качаник и Косово. Со една царска наредба се повикувал сераскерот на Пелопонез, Арнаут Коџа Халил-паша да ги собере сите расположливи сили од санџакот на Трикала и од островот Евбоја, а по пат да собере и други војски и да тргне кон Скопје каде што треба да се сретне со кримскиот хан Селим Гирај. Османлиската централна влада, кога Австријците почнале да навлегуваат во Србија и кога Османлиите доживувале сè почести порази на фронтот, уште на 21 јули 1689 година испратила молба до кримскиот хан Селим Гирај да им дојде на помош. Тогаш му биле испратени и подароци од 75.000 златници. На 26 јули 1689 година ханот тргнал од Крим за Софија. Со својата војска тој патувал околу четири месеци, односно во Софија дошол на 14 ноември 1689 година. По пристигнувањето, на 15 ноември почнало советувањето. Османлиските разузнавачки органи ги имале сите податоци за активностите и за утврдувањето на Карпошовите востаници и на австриската војска. На 20 ноември 1689 година главнината на османлиската армија, на чело со везирот Махмуд-паша, тргнала од Софија кон Ќустендил. Во близината на Ќустендил се судриле со ајдутска дружина од околу 100 ајдути и ја ликвидирале. На чело на сите исламски сили бил Махмуд-паша, а од војските прва одела татарската. Во близината на Ќустендил се одржало последното советување на исламските војсководци. Тука пристигнала вест дека околу Кочани дошла војска од пет-шест илјади, кои ги предводеле скопскиот назир Мухамед-ага и Серхадлија Махмуд-паша. На 21 ноември, на барање на татарскиот хан, главнината на османлиската војска била вклучена во татарската и со неа командувал татарскиот хан Селим Гирај. Истиот ден Селим Гирај тргнал од Ќустендил кон Крива Паланка, а по татарската тргнала и османлиската војска. Во Каменичкото Поле, кое се наоѓа на влезот во Криворечката клисура, дошло до првиот судир меѓу татарската претходница и Карпошовите востаници. Кога виделе каква сила им се приближува и дека не можат да ја бранат тврдината, Карпош наредил таа да се запали и се повлекол во Куманово. Татарите ја зазеле Крива Паланка меѓу 24 и 30 ноември 1689 година. Татарско-османлиската војска се појавила пред Куманово. Карпош со своите луѓе им излегол во пресрет и на една пољанка пред кумановската тврдина почнала борба. Силната непријателска војска ги победила востаниците, а Карпош и повеќето негови борци биле заробени. По разурнувањето и по палењето на Крива Паланка и на Куманово, татарскиот хан Селим Гирај испратил тројца мирзи - команданти, секој со по 10.000 војска, да дејствуваат во три правци: едниот кон Црна Река - Раец, област која била заземена од востаниците, вториот кон Тиквеш и неговата околина, и третиот кон Штип, Велес и кон Прилеп чија територија, исто така, била под власт на Карпошовите востаници и каде што Карпош располагал со 4.000 востаници. На 29 ноември 1689 година османлиско-татарските војски продолжиле кон Скопје заедно со заробениот Карпош, неколку стотини заробеници и околу 10.000 османлиски војници. На патот од Куманово до Скопје, Татарите уривале сè пред себе. Околу 6 декември 1689 година, австриската команда во Приштина добила информација дека Татарите ги запалиле сите села низ кои минале, дека со себе воделе 6.000 заробеници, меѓу кои жени и деца и дека во селата Раштак и Љуботен извршиле колеж на христијанското население. Тоа место и денес се вика "Касапски ливади". Во Скопје, Татарите влегле без борба, бидејќи австриската војска и македонската востаничка војска се повлекле, особено кога дознале дека Карпош бил заробен. На 19 декември 1689 година, во австрискиот штаб во Приштина, пристигнала вест дека во Скопје и во Штип биле стационирани татарски сили. Австриските војски повеќе не се вклучиле во борба против османлиско-татарската војска. По задушувањето на Карпошовото востание големиот везир војната ја прогласил за "света" и дека сега рајата и муслиманите се рамноправни. Кримските Татари се стационирале во Скопското Поле и оттука се навлегле кон Тетово, Велес и Мариово, задушувајќи ги буните и ограбувајќи го населението. Во меѓувреме, од Пелопонез во Скопје дошол Арнаут Коџа Халил-паша. И тој по пат уништувал сè пред себе и во Скопје се состанал со татарскиот хан. Заробувањето и смртта на Карпош се претставени на различни начини. Според некои извори, тој е заробен во Куманово, други велат дека по пристигнувањето во Скопје татарскиот хан дознал каде се крие Карпош, ги испратил своите потери и го фатиле. За смртта на Карпош, исто така, има две верзии. Според едната, Карпош бил набиен на колец покрај мостот на Вардар во Скопје, а потоа изboден со копја и со стрели, по што го фрлиле во Вардар. Во другата, се вели дека бил обесен на дабот близу мостот на Вардар. Најверојатно неговото погубување било извршено при крајот на ноември или на почетокот на декември, бидејќи на 13 декември 1689 година во Одрин дошла вест дека Карпош бил погубен. По задушувањето на Карпошовото востание македонското христијанско население било принудено да се пресели во тогашна Австрија, денешна Војводина, со цел да го избегне исламизирањето. Меѓутоа, под притисок на австриската власт почнала католизирањето на православното македонско население. Поради тоа, било побарано преселување на православното население во православната руска империја.

**(продолжува)**

**Картите се од книгата "Воена историја на Македонија" од проф. Ванче Стојчев**